Република Северна Македонија - Република Северна Македонија
ОПШТИНА АРАЧИНОВО - KOMUNA E HARAÇINËS
УПРАВНИ ОРГАНИ - ORGANET DREJTUESE
Бр.-Nr. 13-1651/3
23.04 2026 год.viti
АРАЧИНОВО-HARAÇINË

Јавна општинска установа - Institucion Publik Komunal
за деца - Детска градинка - - Kopshiti për fëmijë
"ФАТОСАТ" - "FATOSAT"
Бр.Nr. 03/23/1
23.04 2026 год.viti
Арачиново - Haraçinë

Друштво за производство, промет и услуги
ДАУТИ КОМЕРЦ АД увоз-извоз
Бр. 05-2394/1
27.04 2026 год.
с.Бојане-Сарај

ДОГОВОР

За набавка на прехранбени производи

Склучен помеѓу:

Договорни страни:

1. **Општина Арачиново, со седиште на ул. 1 бр.2 во с.Арачиново, застапувана од Градоначалникот на Општина Арачиново, Даут Беќири (во понатамошниот текст прв договорен орган - нарачувач),**

2. **ЈОУДГ "ФАТОСАТ" Арачиново, со седиште на ул. 1 бр. 2 Ц во с.Арачиново застапувана од в.д. Директорката Сељвете Муртези, (во понатамошниот текст втор договорен орган - нарачувач),**

3. **ДАУТИ КОМЕРЦ Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз АД с.Бојане општина Сарај, со ЕДБ 4030990240095 ЕМБС 4142144 застапувано од одговорно лице Џемаил Даути во натамошен текст: Носител на набавката.**

Член 1

Предмет на овој договор е Набавка на стока - прехранбени производи за дел 1 - леб и бели пецива, дел 3 - јајца, дел 4 - млеко и млечни производи, дел 5 - колонијални производи и дел 6 - овошје и зеленчук за потребите на договорниот орган согласно техничките спецификаци во тендерската документација број 04791/2026 од 17.03.2026 година.
Прилог и составен дел на овој договор е понуда на Носителот на набавката .

Член 2

Јазик на овој договор и на другите документи кои преставуваат негов составен дел е македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните странки е македонскиот јазик.

Член 3

Вкупната вредност на стоките кои се предмет на овој договор изнесува вкупно 686.154,00 денари без пресметан ДДВ, со 5%, 10% односно 18% ДДВ изнесува 732.219,27 денари.

Дел 1 **Леб и бели пецива** 46.451,06 ден без пресметан ДДВ (четириесет и шест илјади четиристотини педесет и еден денари и шест дени), со 5% ДДВ изнесува 48.773,61 ден. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 2.322,56 денари.

Дел 3 **Јајца** 17.613,00 ден без пресметан ДДВ (седумнаесет илјади шестотини и тринаесет денари), со 5% ДДВ изнесува 18.493,65 ден. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 880,65 денари.

Дел 4 **Млеко и млечни производи** 77.102,70 ден без пресметан ДДВ (седумдесет и седум илјади сто и два денари и седумдесет дени), со 5% ДДВ изнесува 80.957,84 ден. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 3.855,14 денари.

Дел 5 **Колонијални производи** 301.392,42 ден без пресметан ДДВ (триста и една илјади триста деведесет и два денари и четириесет и два дени), со 5%, 10% односно 18% ДДВ изнесува 328.219,61 денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 26.827,20 денари.

Дел 6 **Овошје и зеленчук** 243.594,82 денари без пресметан ДДВ (двеста четириесет и три илјади петстотини деведесет и четири денари и осумдесет и два дени), со 5% ДДВ изнесува 255.774,56 денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 12.179,78 денари.

Член 4

Овој договор стапува во сила на денот на потпишувањето и е со времетраење од 1 (една) година.

Член 5

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача стоките во рок од еден ден по добиената нарачка во електронска форма во седиштето на градинката.

Член 6

Договорниот орган се обврзува плаќањето на носителот на набавката да го врши вирмански во рок од 30 дена од денот на приемот на фактура во архивата на договорниот орган.

Член 7

Носителот на набавката нема право да врши корекција на цените односно цените искажани во понудата ке бидат фиксни за цело време траење на набавката.

Член 8

За сите евентуални спорови кои ке произлезат од овој договор ке се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија а ке решава надлежниот суд во Скопје.

Член 9

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Член 10

Овој договор е направен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за договорните органи и 2 (два) за носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН
Општина Арачиново
Градоначалник
Даут Бекири

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
ДАУТИ КОМЕРЦ
Одговорно лице
Џемаил Даути

Набавувач
ЈОУДГ "ФАТОСАТ"
в.д. Директор
Сељвете Муртези